# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-751/3
10-05-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на петнаесеттата седница одржана на ден 09 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино постапување во предметот со број 09-751/1 од 22.02.2019 година, бидејќи трите обиди да добие дополнителни информации за наводите во пријавата за да може да постапува, се неуспешни поради непозната адреса на подносителите.

Предметот со број 09-751/1 од 22.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-751/1 од 22.02.2019 година е оформен врз основа доставена пријава во која е наведено дека технички секретар во општинска организација на една политичка партија ги вработил своите синови во државните институции. Во самата пријава не е наведен за кои лица се работи, односно нема лични податоци за истите. Од тие причини Државната комисија во три наврати се обрати до подносителите, на наведената адреса во пријавата, да доставаат дополнителни податоци за да може Државната Комисија да постапува. Трите обиди за доставување на Барањето за доставување на дополнителни податоци и информации заведено под број 09-751/2 од 16.03.2019 се неуспешни поради непозната адреса.

На седницата одржана на ден 09 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија одлучи дека нема елементи за нејзино постапување во предметот со број 09-751/1 од 22.02.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk